# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **26.03.2021 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 4** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за согласност на Предлог план за упис на ученици во прва година во учебната 2021/2022 година во СОУ Кочо Рацин – Свети Николе бр. 0801- 1075 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26. 03. 2021 година.

**Бр.0901- 1078**
**26. 03. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ ,,бр.05/02) во врска со член 42 став 4 од Законот за средното образование (пречистен текст), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.03. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За согласност на Предлог план за упис на ученици во прва година во учебната 2021/2022 година во СОУ Кочо Рацин – Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Предлог планот за упис на ученици во прва година во учебната 2021/2022 година во СОУ Кочо Рацин – Свети Николе усвоен на Записник бр.02-173 од 17.03.2021 година на Наставничкиот совет на СОУ Кочо Рацин.

**Член 2**

Табеларниот предлог на планот е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 1075**

**26.03. 2021 год.**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за отпочнување на постапка за основање на Општинско Основно Музичко Училиште бр. 0801- 1076 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26. 03. 2021 година.

**Бр.0901- 1078/2**
**26. 03. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 в.в. со член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), како и член 22 став 5 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ,, бр.161/19), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.03. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за отпочнување на постапка за основање на Општинско Основно Музичко Училиште**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност за отпочнување на постапка за основање на Општинско Основно Музичко Училиште во кое ќе се остварува наставен план и наставни програми, кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот.

**Член 2**

Се задолжува општинската администрација постапката за основање на општинско основно музичко училиште да ја иницира пред Владата на Република Северна Македонија и да ги превземе сите активнисти и мерки за да се обезбеди исполнетост на условите за основање на општинско основно музичко училиште.

**Член 3**

Советот на Општина Свети Николе Одлука за основање на општинско основно музичко училиште ќе донесе по претходно добиено позитивно мислење од Владата на РСМ на предлог на Министерството.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 1076**

**26.03. 2021 год.**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ „Рахилка Гонева “Свети Николе бр. 0801- 1077 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26. 03. 2021 година.

**Бр.0901- 1078/3**
**26. 03. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), а в.в. со член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20) и член 134 став 2 во врска со став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.03.2021 година донесе:

**Одлука**
**за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ „Рахилка Гонева “Свети Николе**
**за 2021 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плата за 2021 година на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ „Рахилка Гонева Свети Николе„ се утврдува во износ од 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0801 - 1077**
**26 . 03. 2021 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за согласност на Предлог план за упис на ученици во прва година во учебната 2021/2022 година во СОУ Кочо Рацин – Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за отпочнување на постапка за основање на Општинско Основно Музичко Училиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.2

3.Одлука за утврдување вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот во ЈОУДГ „Рахилка Гонева "Свети Николе . . . . . . .стр.3

**Бр. 0801- 1079**
**26.03. 2021 година**
**Свети Николе**